Docusign Envelope ID: 131D09A8-0376-4E19-B206-5A413140CE23

Во согласност со член 16 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 42/2020) (во натамошниот текст: “ЗЗЛП„), и со Политиката за системот на заштита на личните податоци на Фиткит Интернешнел ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 7479930 и седиште регистрирано на адресата ул. Вангел Тодоровски бр. 5/1-30, 1000 Скопје - Аеродром, Република Северна Македонија, друштвото претставувано од управителот Јосиф Дамјанов, на ден 01.05.2022 ја усвои следнава:

**Процедура за остварување на правата на субјектите на лични податоци**

**ВОВЕД**

Фиткит Интернешнел ДООЕЛ. Скопје (во натамошниот текст: “Фиткит„ “друштвото„ “ние„ или “нас„) се обврзува да ја заштити приватноста и безбедноста на личните податоци, како и субјектите на лични податоци да ги остваруваат своите права поврзани со обработката на личните податоци.

Оваа Процедура за остварување на правата на субјектите на личните податоци (во натамошниот текст: “Процедура„ или “Процедура за правата на субјектите„) утврдува како субјектите на личните податоци може да бараат да им се остварат правата загарантирани во членовите 16-26 од ЗЗЛП во однос на личните податоци што се собираат, обработуваат, и чуваат од страна на Фиткит.

Оваа Процедура го утврдува процесот преку кој Фиткит одлучува и одговара на таквите барања.

## 1. ПРЕДМЕТ И ОБЕМ

Оваа Процедура се однесува на вработени, практиканти, изведувачи, консултанти, привремени и други работници во Фиткит, вклучително и вработени лица кај трети страни кои се ангажирани да работат во просториите на Фиткит, како и на други физички лица чии лични податоци се обработуваат од страна на Фиткит.

Оваа Процедура се однесува на процесот на остварање и одлучување по барања во врска со обработката, приватноста и безбедноста на личните податоци, вклучувајќи:

- Барања за пристап до податоци (член 19 од ЗЗЛП);
- Барања за исправка на податоци (член 20 од ЗЗЛП);
- Барања за бришење на податоци (правото да се биде избришан) (член 21 од ЗЗЛП);
- Барања за ограничување на обработката на податоците (членови 22-23 од ЗЗЛП);
- Барања за пренос на податоци (преносливост на податоци) (член 24 од ЗЗЛП).
- Барања за приговор за обработка на податоци (член 25 од ЗЗЛП)
- Барања за приговор кон автоматско одлучување (вклучително и профилирање) (член 26 од ЗЗЛП).

## 2. УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ

**Управителот/ите на Фиткит Интернешнел Д.О.О.** – се одговорни за одобрување и примена на Процедура за остварување на правата на субјектите и нејзина примена.

Docusign Envelope ID: 131D09A8-0376-4E19-B206-5A413140CE23

**Офицерот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: "ОЗЛП„)** – е одговорен да осигура дека барањата за остварување на правата на субјектите да се решаваат во согласност со законот. ОЗЛП го координира управувањето со Процедурата за остварување на правата на субјектите. Одговорностите на ОЗЛП вклучуваат примање на барањата за права на субјектите на лични податоци во Фиткит и нивно евидентирање во евиденција на барања за остварување на правата на субјектите, вклучување на други вработени и деловни единици кои може да обезбедат информации и преземат мерки и активности за постапување по барањата, информирање на субјектите во однос на нивните барања за остварување на права и мерките кои се преземаат за постапување по ваквите барања.

**Вработените во Фиткит** – се одговорни за препознавање на поднесено барање за остварување на права на субјектите, испитување во однос на засегнатиот субјект на личните податоци, а по барање и инструкции на ОЗЛП и за доставување соодветни информации до ОЗЛП во однос на барањето за остварување на права на субјектот на личните податоците.

**Сопствениците на личните податоци/Раководителите на деловните единици** – се одговорни за преземање активности за пребарување на системите и архивите со цел идентификување на информации поврзани со барањата, доставување на овие информации до ОЗЛП, преземање потребни дејствија по барање и инструкции на ОЗЛП, и за финално потврдување до ОЗЛП дека дејствијата се соодветно спроведени.

## 3. ПРОЦЕДУРА ЗА ПРИЕМ И ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

### 3.1. ФОРМАТ НА БАРАЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА СУБЈЕКТОТ

Субјектите на личните податоци може да побараат да ги видат информациите за нив кои ги поседува Фиткит со поднесување на барање во писмена форма. Барање за пристап до податоците, како и барање за остварување друго право во врска со личните податоци, кое е испратено преку електронска пошта е валидно исто како и барање испратено во печатена форма. Постои можност за усмено поднесување на барање за остварување пристап до и/или други права во однос на личните податоци, и тоа може да се направи преку телефон или лично. Генерално, барање за пристап до личните податоци може да се поднесе преку следниве методи:

- во физичка писмена форма, испратено по пошта;
- во физичка писмена форма, поднесено лично;
- во електронска писмена форма;
- во усна форма, доставено по телефон;
- во усна форма, доставено лично.

Фиткит има образец на барања за остварување права, што е достапен на субјектите на личните податоци. Најоптимално е доколку барателот ги користи овие обрасци, но и секое писмено барање за пристап поднесено во друга форма ќе се смета за валидно.

### 3.2. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА БАРАТЕЛОТ

Генерално се очекува субјектот на податоците да поднесе, лично и во свое име, барање за остварување на право во однос на личните податоци. Сепак, барање може да поднесе и трето лице кое дејствува во име на субјектот на личните податоци.

Docusign Envelope ID: 131D09A8-0376-4E19-B206-5A413140CE23

### 3.2.1. Идентификација на барателот, кога барањето е поднесено од субјектот на личните податоци

Субјектот на личните податоци мора да го докаже својот идентитет пред да се откријат било какви информации до него. Доколку постои сомневање во идентитетот на субјектот на личните податоци, може да се побараат дополнителни информации за да се утврди неговиот идентитет (член 16(6) од ЗЗЛП).

### 3.2.2. Идентификација на барателот, кога барањето е поднесено од трето лице

Кога субјектот на личните податоци се согласил дека трето лице може да поднесе барање за остварување право во негово име, Фиткит ќе ги преземе сите неопходни чекори за да потврди дека лицето кое поднесува барање во име на субјектот на податоците е овластено да го стори тоа. Може да се побара писмено овластување за тоа лице да го поднесе барањето (на пример, доказ за согласност од субјектот за таа цел) или полномошно. Нема да бидат објавени информации пред да се потврди веродостојноста на овластувањето на третото лице да поднесе барање за остварување на права во име на специфичниот субјект на личните податоци во случајот.

## 3.3. НАДОМЕСТОЦИ

Барање за остварување право на субјектот на личните податоци, и соодветните одговори и други дејствија преземени во врска со таквите барања, генерално ќе се обработуваат бесплатно, освен ако барањето е очигледно неосновано, прекумерно или повторувачко, во кој случај Фиткит ќе наплати разумен надомест или ќе одбие да постапи по барањето (член 16(5) од ЗЗЛП). Трошоците за докажување на неоснованоста, прекумерната или повторливата природа на барањата ќе бидат на товар на Фиткит.

Ако барањето е очигледно неосновано, прекумерно или повторувачко по природа, Фиткит може:

- да наплати надоместок за покривање на трошоци поврзани со комуникација и дејствија за цел одговарање по барањето, и за покривање на административни трошоци за обезбедување на бараните информации и копии;
- да одбие да постапува по барањето.

## 3.4. РОКОВИ ЗА ОДГОВОР

Фиткит ќе му достави одговор на субјектот на личните податоци без непотребно одложување, и во рок од најмногу еден месец од приемот на барањето.

Овој рок може да се продолжи за најмногу два дополнителни месеци, кога тоа го бара сложеноста и обемот на барањето. Фиткит ќе го информира субјектот на податоците за ваквото одложување во рок од еден месец од добивање на барањето и ќе ја даде причината за истото (член 16(3) од ЗЗЛП).

Кога барање за исправка на личните податоци се смета за соодветно, сопственикот на податоците или назначен вработен од него ќе ги измени информациите на субјектот на податоците без одложување, а најдоцна во рок од 15 дена од приемот на барањето.

Онаму каде што барањето за бришење се смета за соодветно, сопственикот на податоците или назначен вработен, трајно ќе ги избрише личните податоци на субјектот, и тоа без одложување, а најдоцна еден месец по добивањето на барањето,

Docusign Envelope ID: 131D09A8-0376-4E19-B206-5A413140CE23

освен ако ОЗЛП утврди потреба за продолжување на рокот за бришење за не повеќе од два дополнителни месеци.

Доколку Фиткит одлучи да не постапува по барањето за остварување на права во однос на личните податоци, субјектот на личните податоци податоците (или трето лице кое поднесува барање во име на субјектот на податоците) ќе биде информиран за оваа одлука и за причините за истата, и ќе се упати на тоа дека има право да поднесе приговор против оваа одлука до Агенцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: "АЗЛП„) или до надлежен  суд (член 16(4) од ЗЗЛП).

## 3.5. ФОРМАТ НА ОДГОВОР

Фиткит ќе одговори на барањето за остварување права во однос на личните податоци во концизна, транспарентна, разбирлива и лесно достапна форма, користејќи јасен и едноставен јазик (член 16(1) од ЗЗЛП).

Одговорот на барањето ќе биде доставен во писмена форма, и тоа:

- во физичка писмена форма (по пошта), за барања примени во физичка писмена форма по пошта;
- во физичка писмена форма (лично или по пошта), за барања примени во физичка писмена форма лично;
- преку електронски средства каде што е можно, за барања примени по електронски пат;
- усно, за барања примени усно (и само доколку идентитетот на субјектот на податоците и/или идентитетот и овластувањето на лицето кое го поднело барањето во име на субјектот на податоците се проверени на други начини).

Субјектот на податоците, или неговиот застапник, може да го наведе начинот на кој претпочита да добие одговор на неговото барање за остварување права, во кој случај неговиот избор на метод за добивање одговор ќе има предност пред методот кој претпочита давање одговор на ист начин на кој е поднесено барањето, притоа Фиткит ќе одговори согласно наведениот избор на метод (каде е можно).

**Информации за други поединци:**

Фиткит ќе открие информации кои се исклучиво наменети за лицето кое го поднесува барањето за остварување права во однос на личните податоци, и кои се однесуваат исклучиво за субјектот на личните податоци кој е предмет од интерес за барањето. Доколку документот до кој се дава пристап како одговор на барањето содржи лични податоци за други лица, Фиткит нема да ги открива податоците за трети лица.

- Доколку документот, односно записот, кој е предмет на одговорот по основ на барање се однесува првенствено на субјектот на личните податоци, но во истиот постојат податоци за други лица, податоците за трети лица ќе се исчистат, односно ќе се изврши анонимизација и/или псевдонимизација на документот.
- Ако записот првенствено се однесува на трети лица и не е возможно бришење, односно анонимизација и/или псевдонимизација на истиот, записот ќе се задржи/повлече од откривање. Фиткит може да ги контактира третите лица наведени во документот за да добие согласност за откривање на нивните податоци.

## 3.6. ОГРАНИЧУВАЊА

Правата на субјектите на податоците и должностите за постапување по нив може да се ограничат доколку ограничувањето суштински не ги попречува правата на субјектите на податоците гарантирани со членовите 16-26 од ЗЗЛП и не е во спротивност со

Docusign Envelope ID: 131D09A8-0376-4E19-B206-5A413140CE23

суштината на основните права и слободи во демократско општеството. Таквото ограничување може да биде неопходно и пропорционално за заштита на вредностите на едно демократско општество, и истите се предвидени во член 27 од ЗЗЛП.

## 4. ЧЕКОРИ НА ПОСТАПКАТА

Постапката за одговарање по барања од субјекти на личните податоци е прикажана во табелата подолу.

| ЧЕКОР / АКЦИЈА | ОПИС НА ЧЕКОРИТЕ И ПОВРЗАНИТЕ ДЕЈСТВА | ОДГОВАРА |
|---|---|---|
| Прием на барање за остварување право за субјектот на податоци | Субјектот на податоците поднесува барање преку еден од начините опишани погоре (електронски на специјално креирана електронска адреса за оваа намена, преку писмо лично или по пошта, или усмено - лично или телефонски).<br><br>Барањето може да го прими било кој вработен или деловна единица во Фиткит, и истиот треба да го проследи до ОЗЛП во најскор можен рок, притоа наведувајќи го и точниот датум кога барањето е примено.<br><br>Барањето на субјектот на податоците може да се однесува на лични податоци што се чуваат во структурирани електронски бази на податоци (ИТ системи, апликации, резервни податоци) и лични податоци што се чуваат во неструктурирани складишта, како што се мрежни дискови, папки за споделување, привремени бази на податоци на Excel или Word, емаил сандачиња и комуникација се сметаат за неструктурирани податоци.<br><br>Хартиените датотеки, персонални досиеја, со организиран систем се дел од структурирани податоци. | Вработени<br><br>ОЗЛП |
| Евидентирање на барањето за остварување права за субјектот на податоците | Фактот дека барањето е примено се запишува во Евиденција на барања за права на субјектите на | ОЗЛП |

Docusign Envelope ID: 131D09A8-0376-4E19-B206-5A413140CE23

| | | |
|---|---|---|
| | податоците, заедно со датумот на прием на барањето. | |
| Потврда за идентитетот на субјектот на податоците | Идентитетот на субјектот на податоците и на страната што го поднесува барањето во име на субјектот на податоците (каде што е применливо) се потврдува преку одобрен (истражувачки) метод.<br><br>Доколку идентитетот на субјектот на податоците не може да се потврди, барањето се одбива и причината за тоа се соопштува на субјектот на податоците. | ОЗЛП |
| Оцена за валидноста на барањето | Се врши процена дали барањето е очигледно неосновано, прекумерно или повторувачко. Доколку проценета укажува на таква природа на барањето, се донесува одлука дали да се одбие барањето или да се наплати надомест за постапување по истото.<br><br>Доколку оценката укажува на незаконитост и/или на неразумност на барањето, барањето ќе биде одбиено, а субјектот на личните податоци ќе биде информиран за оваа одлука и ќе биде упатен на тоа дека има право да поднесе приговор до АЗЛП или до надлежен суд. | ОЗЛП |
| Собирање на потребните информации за постапување по барањето | Релевантните информации (т.е. информации кои се бараат за постапување по барањето, или кои се на друг начин предмет на барањето) се собираат според видот на барањето. Во оваа фаза, сопственикот на податоците или вработени кои тој ќе ги назначи се приклучуваат кон процесот и на испитување и истражувањето по тврдењата од барањето.<br><br>Ова подразбира пребарување на електронски системи за податоци и хартиени архиви кои опфаќаат различни категории на податоци за да се идентификуваат податоците што се предмет на барањето. | Сопственик на личните податоци |

Docusign Envelope ID: 131D09A8-0376-4E19-B206-5A413140CE23

| | | |
|---|---|---|
| | Доколку е потребно, Фиткит може да побара такво пребарување да се спроведе и кај трети лица кои се даватели на услуги.<br><br>Собраните информации се испраќаат до ОЗЛП во рок од 10 дена од почетокот на истражувањето на податоците или без непотребно одложување. | |
| Преземање на бараната акција/обезбедување на бараната информација | Активноста која се побарува со барањето (доколку е одобрено) ја презема деловната единица во Фиткит која е сопственик на личните податоци кои се предмет на барањето, а со помош на администраторот за информациски систем и по инструкции од ОЗЛП.<br><br>Преземеното дејство може да биде ограничување на обработката, исправка и/или бришење на конкретни податоци, прекин на обработката, повлекување на согласност за обработката на податоците, преносливост на податоците.<br><br>По преземање на соодветното дејствие, сопственикот на личните податоци го известува ОЗЛП за истото, и со тоа се смета дека е постапено по барањето. | Сопственик на податоците / Администратор за информациски систем<br><br>ОЗЛП координира, дава инструкции |
| Обезбедување одговор / барани информации | Информација за преземените активности заради постапување по барањето се доставува до субјектот на личните податоците во писмена форма и/или на начин кој што е јасно наведен во барањето. Ова го прави ОЗЛП.<br><br>Доколку преферираното средство не е наведено во барањето, одговорот на барањето се дава на истиот начин на кој е поднесено барањето, имено во физичка форма (по пошта или лично), електронски (каде што е можно), или усмено. | ОЗЛП<br><br>Преглед/одобрение од управител на Фиткит |

| | | |
|---|---|---|
| Затворање на барањето за остварување права на субјектот на податоците | Фактот дека на барањето е одговорено се евидентира во евиденцијата на барања за остварување права на субјектите на личните податоци, каде се наведува и точниот датум кога барањето е затворено, како и резултатот од постапувањето по барањето. Ова го прави ОЗЛП. | ОЗЛП |

## 5. ПРАВА НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Субјектите на личните податоци имаат права во врска со обработката на нивните лични податоци и притоа имаат можност да комуницираат Фиткит за да ги остварат своите права. Поединците кои сакаат да поднесат барање за остварување на на нивните права кои произлегуваат од нивниот статус на субјект на личните податоци, можат да го сторат тоа со поднесување на барање за остварување на право до Офицерот за заштита на личните податоци: Адвокат Тамара Славеска Апостоловски од Скопје на следниот e-mail: privacy.slaveska@gmail.com

### 5.1. ПРАВО НА ИНФОРМИРАЊЕ

Поединците имаат право да добијат информација за тоа како и зошто Фиткит ги обработува нивните лични податоци, како можат да побараат остварување на нивните права кои произлегуваат од обработката на податоците, колку долго се чуваат податоците и за кои цели се обработуваат, во согласност со членовите 17 и 18 од ЗЗЛП.

Во моментот кога личните податоци се собираат од субјектот на податоците или се добиваат од друг извор, субјектот на личните податоци е информиран за употребата на податоците како и за нивните права во врска со таквата употреба, односно обработка на податоците. Фиткит доставува информации до субјектите на податоците во форма на Политки за приватност и известувања за обработката на лични податоци, кои се достапни за субјектот на личните податоците во моментот на воспоставување на нивниот однос со Фиткит.

### 5.2. ПРАВО НА ПРИСТАП

Поединците имаат право да пристапат до нивните лични податоци и до дополнителни информации во врска со личните податоци, како и да добијат копии од истите. Правото на пристап овозможува поединците да се запознаат со обработката на нивните лични податоци и да ја потврдат законитоста на истата.

Според ЗЗЛП, поединците имаат право да добијат:

- потврда дека нивните податоци се обработуваат;
- пристап до нивните лични податоци (копија од личните податоци, во хартиена или електронска форма)
- дополнителни информации – кои во голема мера треба да се совпаѓаат со информациите кои треба да се обезбедат во Политиката за приватност или Известувањето за обработка на личните податоци (види член 17 од ЗЗЛП).

### 5.3. ПРАВО НА ИСПРАВКА

Онаму каде податоците се неточни или нецелосни, субјектите на личните податоци имаат право да бараат исправка и бришење на истите.

Docusign Envelope ID: 131D09A8-0376-4E19-B206-5A413140CE23

Доколку Фиткит ги дал на користење личните податоци на трети страни (други правни или физички лица, или јавни институции) корисниците на кои се откриени и дадени на користење ќе бидат информирани за исправката и бришењето. Ова ќе се стори секогаш кога настанува исправка и/или дополнување или бришење на личните податоци, освен доколку е тоа невозможно или побарува непропорционален напор за остварување на истото. Доколку биде побарано, Фиткит мора да ги информира субјектите на лични податоци  за овие корисници на личните податоци.

### 5.4. ПРАВО НА БРИШЕЊЕ (“Право да се биде заборавен„)

Субјектите на лични податоци може да побараат од Фиткит целосно да ги избрише нивните лични податоци. Во ваков случај, Фиткит ќе ги избрише податоците без непотребно одлагање а најдоцна 30 дена од приемот на барањето, освен ако не постои суштинска деловна или правна причина да се продолжи со обработката на податоците.

Околности во кои податоците може да се избришат се следниве:

- Личните податоци повеќе не се потребни целите за кои биле собрани и обработени;
- Субјектот на податоците ја повлекува својата согласност врз која се заснова обработката на податоците, и не постои друга законска основа за обработка;
- Субјектот на податоците поднесол приговор на обработката на личните податоци;
- Личните податоци биле незаконски обработени;
- Личните податоци треба да се избришат за Фиткит да исполни обврска утврдена со закон;
- Личните податоци биле собрани во врска со понудата на услуги на информатичко општество за дете.

Под одредени околности, Фиткит може да одлучи да не ги избрише личните податоци кои се предмет на барањето за бришење. Проценката дали да се спроведе бришење на податоците  ќе се врши за секој случај засебно, и каде е соодветно, барањето за бришење на податоците може и да се одбие.

Барањето за бришење податоци може да се одбие кога обработката на податоците е неопходна заради:

- Остварување на правото на слобода на изразување и информирање;
- Усогласување со законска обврска која побарува обработка на податоците;
- Извршување на работи од јавен интерес и/или за заштита на јавното здравје;
- Спроведување на архивирање од јавен интерес, за историски истражувања или за статистички цели;
- Воспоставување, остварување или одбрана на барања засновани на закон.

### 5.5. ПРАВО НА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБРАБОТКАТА

Може да се побара од Фиткит да ја ограничи обработката на личните податоци во следниве околности:

- Кога субјектот на личните податоци ја оспорува точноста на податоците, за период кој  овозможува Фиткит да ја потврди нивната точност;
- Онаму каде што поединецот се спротивставува на обработката на личните податоци (кога обработката е неопходна заради извршување на задача од јавен интерес или заради легитимни интереси), а е потребно Фиткит да утврди дали легитимен интерес ги надминува интересите на субјектот на личните податоци;
- Кога обработката на личните податоци е незаконска и поединецот се противи на бришењето на податоците, а наместо тоа бара ограничување на обработката;

Docusign Envelope ID: 131D09A8-0376-4E19-B206-5A413140CE23

- Ако на Фиткит повеќе не му се потребни личните податоци, но поединецот ги бара податоците за воспоставување, остварување или одбрана на негово правно барање;

Доколку Фиткит ги дал личните податоци на користење на трети лица, ние мора да искомуницираме со сите корисници за да ги информираме за ограничувањето на обработката на овие лични податоци, освен доколку е тоа невозможно или побарува непропорционален напор за остварување на истото. Доколку биде побарано, Фиткит ќе ги информира субјкетите на лични податоци за овие корисници.

Фиткит ќе ги информира субјектите на лични податоци кога ќе го прекине ограничувањето на обработката на личните податоци.

## 5.6. ПРАВО НА ПРЕНОСНОСЛИВОСТ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Правото на преносливост на личните податоци важи само се исполнети следните услови:

- за лични податоци кои поединецот (субјектот на личните податоци) лично му ги доставил на контролорот;
- кога обработката се заснова на согласност на поединецот за обработката или за извршување на договор; и
- кога обработката се врши со автоматизирани средства.

Фиткит мора да ги обезбеди личните податоци во структуриран, вообичаено користен и во машински читлив формат. Машински читлив формат значи дека информациите се структурирани така што софтверот може да извлече специфични елементи од податоците.

Доколку поединецот побара, Фиткит ќе ги пренесе податоците директно до друг контролор доколку тоа е технички возможно. Сепак, од Фиткит не може да се бара да одржува системи за обработка кои се технички компатибилни со друга компанија.

Доколку личните податоци се однесуваат и други физички лица, ќе се земе во предвид дали пренесувањето на податоците ќе влијае негативно врз правата и слободите на другите физички лица.

## 5.7. ПРАВО НА ПРИГОВОР

Поединците имаат право на приговор за обработување на личните податоци:

- заради остварување легитимни интереси;
- заради извршување дејност од јавен интерес, и/или за вршење службени овластувања;
- за цели на директен маркетинг (вклучувајќи профилирање); и
- за цели на научно/историско истражување и статистика.

Кога е поднесен приговор за обработката на личните податоци, Фиткит ќе:

- ја прекине обработката која се врши за цели на директен маркетинг, веднаш или во најскор можен рок од прием на приговорот. Не постојат исклучоци или основи за одбивање на приговор за обработката за цели на директен маркетинг.
- Постапува по приговор за обработката за цели на директен маркетинг во секое време и бесплатно.

Фиткит ги информира поединците за нивното право на приговор најдоцна до моментот на првата комуникација со субјектот на податоците, и во Политиките за приватност и Известувањата за обработка на личните податоци.

Docusign Envelope ID: 131D09A8-0376-4E19-B206-5A413140CE23

### 5.8. ПРАВА ВО ОДНОС СО АВТОМАТСКО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ И ПРОФИЛИРАЊЕ

Во однос на активностите на Фиткит кои вклучуваат автоматско одлучување и профилирање, Фиткит ги презема следните мерки согласно законот, а кои ќе послужат за соодветно одговарање по барање остварување на право во однос на автоматско одлучување и профилирање:

- ќе обезбеди правен основ за спроведување на профилирање и/или автоматско одлучување и ќе го документира тоа во Политиката за приватност и/или Известувања за обработка на личните податоци;
- ќе ги информира субјектите на податоците за профилирањето и автоматското одлучување што се спроведуваат, и ќе ги информира за тоа кои податоци се користат за оваа цел, и од каде се добиваат ваквите податоци (извори на лични податоци);
- ќе обезбеди физичките лица да можат да пристапат до личните податоци во нивните електронски профили, да ги ажурираат истите со цел да се осигура дека податоците се точни и целосни;
- ќе воспостави механизам кој ќе им овозможи на субјектите на податоците да се спротивстават на профилирањето за маркетинг и/или за други цели;
- ќе спроведува редовни проверки на системите за профилирање и автоматско одлучување за да се осигура дека се собираат само оние лични податоци кои се неопходни за остварување на целта за која се собираат;
- ќе изготви јасна процедура и рокови на чување на личните податоци (од електронски профили на корисниците);
- ќе спроведе оцена на ризик од обработка на личните податоци, со цел да се идентификуваат ризици од автоматско донесување одлуки и профилирање, и да се утврдат начини и мерки за минимизирање на ваквите ризици;
- ако е можно, ќе се врши анонимизација и/или псевдонимизација на личните податоци при вршење на активности на профилирање.

## 6. ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА

Евиденција на поднесените барања за остварување на право на субјектите на податоците ќе содржи податоци за идентитетот и контакт податоци за подносителот, податок за датум на прием на барањето, законски рок за одговор, вид и содржина на барањето, датум на одговор на барањето, вид и содржина на одговор, податок за приговор и известување на АЗЛП. Евиденцијата на поднесени барања за права на субјектите на податоците се чува 5 години.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Процедура влегува во сила на денот на донесувањето.

Оваа Процедура последно е анжурирана на 10.03.2024 г.

Docusign Envelope ID: 131D09A8-0376-4E19-B206-5A413140CE23

За ФИТКИТ Интернешнел Д.О.О.

DocuSigned by:

Josif Damjanov

5A893FCB44FD445...

Јосиф Дамјанов, управител